Прехранбена индустрија
„ВИТАМИНКА“ А.Д.
Бр. 02-693/4
Прилеп 28.05.2025 год.

Врз основа на членовите 383, 384, 504 и 505 од Законот за трговските друштва („Сл.весник на Р.С.М.“ бр. 28/2004 и понатаму) и членовите 97 и 98 од Статутот на П.И. „Витаминка“ А.Д. Прилеп (арх.бр. 02-2251/15 од 11.06.2019 год. - пречистен текст), годишното Собранието на акционери на П.И. „Витаминка“ А.Д. Прилеп, на седницата одржана на ден 28.05.2025 год. донесе:

# ОДЛУКА

**за усвојување на консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи за 2024 год.**

**Член 1**

Се усвојува консолидираната годишна сметка на П.И. „Витаминка“ А.Д. Прилеп, за деловната 2024 год., според следните биланси:

1. Биланс на состојба на ден 31.12.2024 год.
2. Биланс на успех од 01.01.2024 год. до 31.12.2024 год.

**Член 2**

Во билансот на состојба на ден 31.12.2024 година е искажана следната билансна состојба:

1. Актива 3.456.971.341,00 ден.
2. Пасива 3.456.971.341,00 ден.

**Член 3**

Се усвојува Консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи на „Витаминка“ а.д. Прилеп за 2024 год. со следните остварени финансиски резултати:

| | | |
|---|---|---|
| - | Вкупно консолидирани приходи.......... | 3.807.801.591,00 |
| | Позитивни разлики на готов производ на почеток-крај на година........... | 2.592.278,00 |
| - | Вкупно консолидирани расходи.......... | 3.710.098.567,00 |
| - | Консолидирана добивка од редовното работење пред оданочување................ | 100.295.302,00 |
| - | Данок на добивка................................. | 10.293.157,00 |
| - | Консолидирана добивка од редовното работење по оданочување................... | 90.002.145,00 |

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Според член 504 став 1 од Законот за трговските друштва: „Трговското друштво секоја година составува и објавува консолидирана годишна сметка и консолидирани финансиски извештаи, ако има превладувачко влијание во едно или повеќе друштва.“ Во ставот 2 на истата одредба е наведено дека консолидирани финансиски извештаи се изготвуваат според меѓународните стандарди за финансиско известување. Од увидот во извештаите може да се

констатира дека консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи се составени на ист датум на којшто е составена годишната сметка и финансиските извештаи на друштвото со превладувачко влијание, додека содржината на консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи е во согласност со членот 505 од Законот за трговските друштва.

Консолидацијата е извршена за матичното друштво – „Витаминка“ АД Прилеп, „В-Роуте“ ДООЕЛ Прилеп, „Ведрина-2“ ДОО Белград, Р.Србија и „Витаминка БГ“ ЕООД Софија, Р.Бугарија.

Врз основа на претходното, може да се констатира дека при изготвувањето на консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи во целост се запазени законските барања и важечки стандарди.

Врз основа на претходното беше одлучено како во диспозитивот на оваа одлука.

Претседавач на Собрание на акционери,

____________________________